# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 113 Год. LXVI Петок, 27 август 2010 Цена на овој број е 190 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2188. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за начинот и постапката на отуѓување, давање под долготраен закуп и краткотраен закуп, на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со јавно наддавање, по пат на прибирање на понуди и со непосредна спогодба, висината на трошоците на постапката за отуѓувањето и давањето под закуп, како и висината на цената на земјиштето и на закупнината………………………….. | **2** |
| 2189. | **Одлука** за престанок на мандатот на градоначалник по сила на закон…….. | **8** |
| 2190. | **Одлука** за изменување на Одлуката за воведување на мерка за заштита на пазарот на пченица и брашно, со врзување на количините на увоз на пченица и брашно со откуп на пченица произведена во Република Македонија | **8** |
| 2191. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на општина Дебар................................ | **8** |
| 2192. | **Одлука** за престанок на користење на недвижни ствари на Министерство за одбрана................................................ | **9** |
| 2193. | **Исправка** на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за здравство…….. | **9** |
| 2194. | **Програма** за изменување на Програмата за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост на плодоуживање на одредени категории социјално необезбедени лица................. | **9** |
| 2195. | **Програма** за изменување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2010 година...................................... | **10** |
| 2196. | **Програма** за субвенционирање на потрошувачката на енергија................ | **11** |
| 2197. | **Спогодба** за основање на економско-социјален совет.................................... | **14** |
| 2198. | **Листа** за изменување и дополнување на Листата на стандарди со чија употреба се смета дека производот е безбеден..................................................... | **19** |
| 2199. | **Правилник** за посебните технички услови за постапување и нештетно отстранување на специфичен ризичен материјал.............................................. | **36** |

# СПОГОДБИ

**2197.**

Врз основа на член 246 став 4 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10 и 52/10), Владата на Република Македонија, репрезентативните синдикати и репрезентативните здруженија на работодавачите на територијата на Република Македонија на ден 25 август 2010 година, склучија

## СПОГОДБА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ

### I. Општи одредби

Член 1

Со оваа спогодба се основа Економско - социјален совет (во натомошниот текст: ЕСС) меѓу Владата на Република Македонија и социјалните партнери (репрезентативните синдикати и репрезентативните здруженија на работодавачите на територијата на Република Македонија).

Потписници на оваа спогодба се Владата на Република Македонија и репрезентативните синдикати и здруженијата на работодавачите на територијата на Република Македонија, согласно со Законот за работните односи.

Член 2

ЕСС е национално трипартитно тело формирано од Владата на Република Македонија и социјалните партнери за водење на социјален дијалог, заради создавање на услови за економска и социјална стабилност и остварување на темелните вредности на Република Македонија како демократска и социјална држава.

ЕСС има советодавно - консултативна улога при креирање и имплементација на економски и социјални стратегии и политики од страна на Владата на Република Македонија.

Преку ЕСС социјалните партнери ги усогласуваат интересите и го развиваат и промовираат социјалниот дијалог.

ЕСС дава мислење и препораки до Владата на Република Македонија за :

- економскиот развој;
- политики на пазарот на трудот;
- политика на плата и цени;
- трудот и социјалното осигурување;
- социјалната заштита;
- здравствената заштита;
- животната средина,
- фискалната политика;
- работни услови и заштита на работно место;
- образование, култура и стручно оспособување, и
- други области кои имаат влијание на економско-социјалните интереси на работниците и работодавачите.

ЕСС во рамки на своите надлежности :

- дава мислења, предлози, препораки и заклучоци на сопствена иницијатива или на барање на било кој од социјалните партнери, Владата на Република Македонија, во рамките на овластувањата утврдени со Законот за работните односи и оваа спогодба;

- разгледува и дава предлози за ратификација на меѓународни трудови страндарди, согласно со Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот бр.144 за трипартитни консултации;

- ги спроведува и следи обврските кои произлегуваат од ратификацијата на Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот бр.144 за трипартитни консултации и другите меѓународни стандарди на трудот;

- го утврдува составот на трипартитната делегација за годишната меѓународната конференција на трудот и други трипартитни тела и

- формира работни тела (одбори и комисии).

Член 3

ЕСС дава мислења, предлози и препораки по предлози на закони и други прописи, национални стратегии и програми кои се во врска со економско-социјалните интереси на работниците и работодавачите, пред истите да бидат разгледувани од страна на Владата на Република Македонија, при што мислењата по однос на законите од областа на работните односи, вработувањето, пензиско и инвалидското осигурување и безбедноста и здравјето при работа се задолжителни.

Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државна управа, ги разгледуваат мислењата, предлозите и препораките на ЕСС и на соодветен начин повторно го информираат за истите.

ЕСС може по своја иницијатива да дава мислења и предлози за економско-социјалните прашања до Владата на Република Македонија и до други надлежни органи.

За одделни прашања Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, можат да бараат мислење од ЕСС.

## II. Состав на ЕСС

Член 4

ЕСС е составен од 12 членови и тоа:

- четири члена именува Владата на Република Македонија;

-четири члена именуваат репрезентативните здруженија на работодавачите на територијата на Република Македонија и

-четири члена именуваат репрезентативни синдикатите на територијата на Република Македонија.

Мандатот на членовите на ЕСС трае четири години со можност за повторно именување.

Мандатот на член на ЕСС престанува:

- по завршување на мандатот;
- со негова оставка;
- отповикување и
- кога синдикатот или здружението на работодавачи го изгубило статусот на репрезенативност на територијата на Република Македонија .

При настанување на некој од случаите од став 3 од овој член, Владата на Република Македонија, репрезентативниот синдикат односно репрезентативното здружение на работодавачи назначува нов член, до времетраење на мандатот на претходниот член.

Секој член на ЕСС има свој заменик.

Член 5

Членови на ЕСС кои се именуваат од страна на Владата на Република Македонија се: министерот за труд и социјална политика, министерот за финансии, министерот за економија и заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања.

Заменик член на министрите од став 1 на овој член во ЕСС се замениците министри, а за заменик член на заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања е лицето кое тој го определува.

Член 6

Претставници на синдикатите и работодавачите за членови на ЕСС се именуваат од страна на репрезентативните синдикати и репрезентативни здруженија на работодавачите и тоа:

- по четири претставници , ако има само еден репрезентативен синдикат, односно здружение на работодавачи;
- по два претставника, ако има две репрезентативни синдикати, односно здруженија на работодавачи;
- два претставника од синдикатот, односно работодавачот кој има најголем број на членови на синдикат, односно членови на здружението и по еден претставник од останатите синдикати, односно здруженија на работодавачи, во случај кога има три репрезентативни синдикати, односно здруженија на работодавачи; и
- по еден претставник од синдикатите и здруженијата на работодавачи, ако има четири репрезентативни синдикати, односно здруженија на работодавачи.

Ако има повеќе од четири репрезентативни синдикати или здруженија на работодавачи, потписниците на Спогодбата, заеднички го определуваат бројот на членови на ЕСС, во рамките на вкупниот број на членови на ЕСС, утврден со член 4 од оваа спогодба.

Член 7

Бројот на членовите на ЕСС, согласно со член 6 од оваа спогодба, го утврдува постојниот ЕСС пред истекот на мандатот на членовите од редот на репрезентативните синдикати и репрезентативните здруженија на работодавачи на територијата на Република Македонија.

Член 8

ЕСС има претседател и двајца заменици на претседателот.

Претседател на ЕСС е министерот за труд и социјална политика.

По еден заменик на претседателот се избира од редот на членовите на репрезентативните синдикати и репрезентативните здруженија на работодавачите.

Член 9

Претседателот на ЕСС :

- го претставува и застапува ЕСС пред надлежните органи и јавноста ;
- ги свикува седниците на ЕСС, предлага дневен ред и раководи со работата на ЕСС ;
- ја координира и усогласува работата на работните тела на ЕСС,и
- ги извршува сите останати должности кои му ги доверува ЕСС.

Претседателот на ЕСС во негово отсуство го заменува еден од замениците на претседателот.

## II. Административно -технички услови за работа и програма за работа на ЕСС

Член 10

ЕСС има секретар.

Секретарот на ЕСС е лице од Министерството за труд и социјална политика определено од министерот за труд и социјална политика.

Организациските, административните и техничките работи на ЕСС и неговите работни тела се извршуваат во Одделението за социјално партнерство при Министерството за труд и социјална политика.

Трошоците за работа на ЕСС и неговите работни тела ги покрива Министерството за труд и социјална политика.

Член 11

ЕСС подготвува годишна програма за работа.

Програмата за работа од став 1 на овој член може да се дополнува во текот на годината.

## III. Преодни и завршни одредби

Член 12

ЕСС донесува деловник со кој се уредува начинот на работа на Советот.

Член 13

Со денот на влегување во сила на оваа спогодба престанува да важи Спогодбата за формирање на Економско-социјален совет ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 7/97).

Член 14

Оваа спогодба влегува во сила со денот на нејзиното склучување.
Спогодбата се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-2379/1
август 2010 година
Скопје

Влада на Република Македонија
Заменик претседател,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

Сојуз на синдикатите на Македонија
Претседател,
м-р **Живко Митревски,** с.р.

Организација на работодавачи на Македонија
Претседател,
м-р **Димитар Стојановски,** с.р.

Конфедерација на слободни Синдикати на Македонија
Претседател,
**Раско Мишкоски,** с.р.